РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-944
29.07. 2015 година
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-4781/1 од 24.07.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку од 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, Директорот на Агенцијата на ден 28.07.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 148 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, на 5 јули 2015 година, не емитувал најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитувал во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецversion according to print: спецификацирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-4781/1 од 24.07.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и на условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за културен идентитет, на 23 јули 2015 година, извршила редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, емитуван на 5 јули 2015 година, при што констатирала дека овој радиодифузер, не емитувал најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитувал во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Имено, со надзорот било констатирано дека на 5 јули 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране – Гостивар емитувал 1 час 53 минути и 47 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик што е 9,65% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа 39 минути и 34 секунди). Законскиот минимум од 40% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 5 јули што влегува во пресметка за изворно создадена програма (19:39:34) е 7 часа 51 минута и 50 секунди. ТРД ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар емитувал за 5 часа и 58 минути и 3 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не емитувал најмалку половина од законски утврдениот минимум од 40% изворно создадена програма во РМ на македонски, албански и турски јазик. Половина од законскиот минимум (од 07:51:50) изнесува 3 часа 55 минути и 55 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски, албански и турски јазик колку што најмалку требало да биде емитувано на програмата на ТРД ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што било констатирано со надзорот, емитувани биле 40 минути и 26 секунди изворно создадена програма во РМ на албански јазик, што во оваа ситуација е за 3 часа 15 минути и 29 секунди помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-4781/1 од 24.07.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-4781/1 од 24.07.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со

цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-4781/1 од 24.07.2015 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Примено: 24 07 2015

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4781 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јули 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 јули 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, емитуван на 5 јули 2015 година, <u>констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u> (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување, сервисот го емитува на македонски,

албански и турски јазик, од која половина треба да емитува во периодот од 7:00 до 19:00 час)

Со надзорот е констатирано дека на 5 јули 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране – Гостивар емитуваше 1 час 53 минути и 47 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик што е **9,65%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа 39 минути и 34 секунди). Законскиот минимум од 40% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 5 јули што влегува во пресметка за изворно создадена програма (19:39:34) е 7 часа 51 минута и 50 секунди. ТРД ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар емитуваше за 5 часа и 58 минути и 3 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 40% изворно создадена програма во РМ на македонски, албански и турски јазик. Половина од законскиот минимум (од 07:51:50) изнесува 3 часа 55 минути и 55 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски, албански и турски јазик колку што најмалку требало да биде емитувано на програмата на ТРД ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 40 минути и 26 секунди изворно создадена програма во РМ на албански јазик, што во оваа ситуација е за 3 часа 15 минути и 29 секунди помалку од потребниот минимум.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар, на 5 јули 2015 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране - Гостивар и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***